# 178. АЈДЕ БОЛНО ЛЕЖИ МОЈТО ЛИБЕ

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995




Ајде болно лежи мојто либе, /2
болно лежи на постела,
болно лежи мојто либе,
болно лежи на постела. /2

Ајде стани либе, стани душо,
ќе одиме во Битола,
ќе одиме во Битола,
ќе пиеме пресна бира. /2

Ајде ни умира, ни станува,
ни на бога душа дава,
ни на мене прозборува,
за да љубам друго либе. /2

Ајде ќе пиеме пресна бира,
на музика ќе ни свират,
на музика ќе ни свират,
ние двојца ќе играме.